Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-704/12
29.09. 20 22 год.
СКОПЈЕ

**Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" Скопје**
**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ Скопје**

Врз основа на член 170, од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/2021), член7 ичлен 12 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,, во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018) член 55, став 1, т.8 од Статутот на Фармацевтски факултет-Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.459/2019), законски спроведената конкурсна постапка за избор и рецензијата објавена во Билтен бр.1267 од 1 септември 2022 година, стр.136, Наставно-научниот совет на Фармацевтски факултет во Скопје на својата VII-ма редовна седница одржана на 29.9.2022 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за избор во соработничко звање-асистент

1.М-р Ана Трајковска се избира во соработничко звање **асистент** на Фармацевтски факултет Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

2.М-р Ана Трајковска, се избира во звање асистент во наставно-научните области: фармацевтска ботаника (30606) и фармакогнозија (30607) за време од три години.

3.Изборот се смета од 29.9.2022 година кога именуваната ги стекнува сите права и обврски од работи и работни задачи на асистент на Фармацевтски факултет Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

4.Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

Образложение

Наставно-научниот совет постапувајќи во согласност со законските прописи, врз основа на Извештајот од рецензентската комисија објавен во Билтен бр.1267 од 1 септември 2022 година, стр.136, на VII-та седница одржана на 29.9.2022 година донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до :
- именуваниот/ата
- сметководство
- архива

**Декан**

**Проф. д-р Зоран Стерјев**

Изготвил: Д.Анческа